**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Бр.45-3751/1

Скопје, 18 јуни 2019 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**С К О П Ј Е**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.45-3751/1 од 18 јуни 2019 година.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРИЛОГ: 1**

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирина Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ КВИН РОЈАЛ** со седиште на ул. Тоде Богданоски бр.53 - Гостивар, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДТУУ АЏАРТУРК ДОО експорт – импорт ДОО Гостивар со седиште на ул.Тоде Богданоски бр.53 - Гостивар, поднесе Барање бр.УП1 13-819 од 12.12.2018 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ КВИН РОЈАЛ со седиште на ул. ул.Тоде Богданоски бр.53 - Гостивар, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-819 од 26.3.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр.45-3751/1**
**18 јуни 2019 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**